

Дејството почнува кога главниот лик случајно нагазува на шилец од еден дрвен предмет. Формата на чудниот предмет ја препознава на различни места во градот и таа го води во потрага по една млада девојка што неодамна исчезнала. Девојката има 22 години, но со својата кратко истрижена коса личи на тинејџерка. Нејзината тетоважа на стомакот е енигма за херојот на романот, кој мисли дека ако го разгатне симболот од тетоважата, ќе може да ја открие и тајната на исчезнувањето.      Книгата се претвора во магична детективска приказна, но и медитација за значењето на животот, исполнета со голем број потраги и мистериозни исчезнувања.
Романот „Празни улици“ изобилува со игра, напнатост, симболи, философија, поезија, описи на амбиенти и необични ликови, кои стапуваат во несекојдневни односи и ситуации.
Дали мистеријата ќе го доведе херојот до банално разочарување на неговите очекувања или навистина ќе открие некоја голема и длабока тајна?
За романот „Празни улици“ во 2005 година Михал Ајваз ја добива највисоката национална награда во Чешка, „Јарослав Сајферт“.
„Се чита лесно и со нетрпение.“